Генерал Тодор АТАНАСОВСКИ

# ПРЕДАВАЊЕ ОДРЖАНО НА КАТЕДРАТА ЗА НО ПРИ ФИЛОЗОФСКО-ИСТОРИСКИОТ ФАКУЛТЕТ ПО ПОВОД 22 ДЕКЕМВРИ — ДЕНОТ НА ЈНА И ОРУЖЕНИТЕ СИЛИ

Се навршуваат 36-години од времето и деновите кога со одлука на ЦК КПЈ е формирана I-та пролетерска НО бригада — првата голема единица со што отпочна не само новата етапа во развитокот на НОВ и ПОЈ, туку всушност настапи и нова фаза во развитокот на НОБ и Револуцијата.

Декемвриските збиднувања во историската 1941 година имаат повеќекатно значење. Тогаш, кога светот беше опфатен со огнот на Втората светска војна, состојбата на фронтовите беше безнадежно лоша и на светот ништо добро не му ветуваше, односно во тоа време од Балканот, таа вечна ветрометина, и од просторот на Југославија, среде поробена Европа, светна непокорот, а ние бевме во можност да му подариме на светот надеж и увереност дека разоглавена фашистичка солдатеска не е непобедлива. До толку повеќе што до збиднувањето во Рудо се дојде низ редица успеси и победи. Пролетерскиот строј на младата војска на револуција само потврди дека народите и народностите на Југославија се дигнаа во немилосрдна оружена борба, нанижаа редици победи и зачекорија во наредната етапа на револуцијата што ќе значи уште поголем разгор на борбата сè до уништување на фашистичките освојувачи и ослободувањето на земјата.

Тогаш, кога другарот Тито, спроведувајќи ја одлуката на ЦК КПЈ за формирање на I-та пролетерска бригада и вршејќи смотра на дотогаш веќе прекалените борци и баталјони, направен е првиот чекор во создавањето на војската на револуцијата, која натаму ќе се развива и сè до денес ќе остане единствена како таква, војска што се роди во борбата против насилството израсна, се разви и ден денеска јакне и се развива како антисила, негација на агресијата и насилството.

Реално гледајќи врз изминатиот пат во годините на војната, Народноослободителната војна сè повеќе и со секој свој чекор во својот историски ôд се здобиваше со белези на автентична

револуција, револуција што се одвиваше и остваруваше во услови на светска војна и со сите специфичности и посебни обележја што произлегуваат и од конкретните општествени и политички состојби и услови во кои се наоѓаа народите и народностите на Југословенскиот простор и секој негов дел посебно. Нашата НОБ можеше да се надраснува, преточува и суштински да се развива како револуција, затоа што не застана само на „борбата против окупаторот и фашистичките освојувачи". Како крајна цел, и покрај нагласеното антифашистичко обележје, НОБ сè повеќе добиваше карактер на револуција со многу подалекосежни цели-рушење на „новиот фашистички поредок", но и рушење на стариот капиталистички поредок што се најде, со сите свои елементи во спрега со фашистичката окупација, според тоа и под удар на борбата и револуцијата.

Ни една револуција низ историјата, помалку или повеќе успешно, не можела ни да се изрази, уште помалку да се остварува, а да не се судри со целосен систем на организирани сили и моќ од надминатото општество. Нашата револуција, во услови на светска војна и антифашистичка борба исто така и неизбежно мораше да се судри и се судри не само со модерно вооружената сила и моќ на здружените фашистички окупатори, туку и со сите облици на силата на старото монархо-капиталистичко општество, како и со наоруженото квислинштво што тој систем го продуцираше непрекинато и со полицискиот систем, кој во целина се стави во служба на фашистичките окупатори; со остатоците од администрацијата на бивша Југославија; со предавништвото на буржоаските политички партии и групации. КПЈ и револуционерните сили на НО движење мораа неизбежно да се судрат и да го превладат веленационализмот, национализмот и сепаратизмот од најразлични позиции. Нашата револуција, во условите на војна, изразувајќи се како народноослободителна борба со широка општонародна платформа, развивајќи ја класната суштина истовремено излезе од тесните предвоени рамки на класно-синдикалната борба на работничката класа и чекор по чекор, победа по победа, борејќи се за секој човек успешно ги надмина востаништвото и востаничките пламнувања, се преточи во континуирана оружена револуција што доведе до победа и создавање услови за социјалистичка преобразба на земјата. Конечно сето тоа не ќе беше можно ако не се создаваше и не се создаде оружената сила на револуцијата, од малите ударни групи, низ бројните партизански одреди и, веќе во декември 1941 година пролетерски баталјони и бригади.

Треба во оваа прилика да кажеме збор-два за Титовата стратегија, зашто оваа година празнувањето на 22 декември — денот на вооружените сили на Социјалистичка самоуправна Југославија се совпаѓа со нашите и негови јубилеи— 40 години од Титовото доаѓање на чело на КПЈ (СКЈ), односно неговиот 85-ти роденден, уште повеќе заради универзалните и единствени

вредности на таа стратегија. Не ретко може да се слушне и да се прочита дека Тито е генијален војсководач, посебно во доменот на партизанската војна и војување. Навистина стратегијата на партизанското војување никогаш не го достигнала овој дострел што го достигна низ оружениот тек и фаза на нашата револуција, затоа што Тито и не застана во творечката примена на партизанското рамниште во водењето на револуционерната војна. Титовата стратегија го премина и надмина „герилството", а организирано и свесно ги одбегна сите сопки од „граѓанската војна" уличните борби и борбите на работничката класа по улиците и на барикадите. Она што не ретко се предвидува, Тито го имаше постојано предвид дека партизанското војување и војна не можат да останат и да застанат сами по себе зад револуцијата. Мора до крај да се следат нивните програми и цели. Исто така, посебно од страна, може да се слушне и да се прочита и тоа дека и околностите и условите придонесле да се изрази како стратег, односно Тито немал многу дилеми и можност за подруга стратегија и определби. Немало повеќе алтернативи. Титовата стратегија, ни во војната ниту сега не е надвор од времето и условите. Во тоа е и нејзината вредност. Меѓутоа таа (стратегијата) никогаш не е и не ќе биде механички, спонтан и случаен продукт на времето и условите. Таквите услови и време постоеја и пошироко од југословенскиот простор, па не дојде до конституирање на афтентична револуционерна стратегија. И во нашата современа историографија можеме да наидеме на недоискажување, ако не и на историцизам. Немам намера, а не е ни прилика сега да се расправа за тоа. Меѓутоа не се незабележителни искажувањата и пишувањата со кои револуционерната стратегија на КП и Тито се сведува на повик на вооружено востание и на востанијата низ Југославија: на 4, 7, 13, 26 и 27 јули, на 11 октомври и сл. Се губи од предвид дека првата грижа на КПЈ и Тито беше НО движење и оружената борба да не остане и да не застане на востанијата и првите пушки и оружени акции, да не се сведе на цикличните и кусотрајни востанички пламнувања и покрај нивното непосредно и ненадминливо историско значење на потпалувањето на НО борба. Постојаната грижа на Тито и КПЈ да се преточат востанијата во континуирана, организирана и долготрајна борба — во револуција, претставува бит и суштина на неговата стратегија. Тоа непрекинато се изразуваше тогаш кога велеше дека „во партизанското војување најважно е да не робува на шаблоните, дури ни на своите . . ." и тогаш, кога предупредуваше „можеби ќе изгубиме една територија, но затоа ќе заземеме друга . . .", кога упатуваше и советуваше дека е прерано да се ослободуваат градовите" . . . бидејќи ќе мораме да водиме тешки борби во нивната одбрана и потоа пак да ги изгубиме со разновидни негативни последици по развојот на НОБ . . ." и др.

Тито и Партијата затоа и не застанаа во развојот на оружената сила на револуцијата на партизанските одреди, туку се определија на создавање и развој на НО војска, неоткажувајќи се ни од еден облик на борба и оружено организирање. Така и можеше да не се остане и застане на „партизанската стратегија" и да се развие стратегијата на комбинирано војување.

Затоа и 22 Декември 1941-та година значи квалитетно нов чекор во развојот на стратегијата на револуцијата. Оваа победа е далеку позначајна од сите дотогаш извојувани победи, но до неа и можеше да се дојде низ сѐ она што настана на 4 јули 1941-та година и потоа, во Бела Црква и Краина, на Петрова Гора и широчините на Космај; низ Ужице, Романија и Подгрмеч, во Прилеп, Куманово и на многу други места.

Титовата стратегија на вооружена борба во НОВ и Револуцијата не претставува изолирана и од револуцијата одделено воинство и војништво. Таа е изведена од доктрината, стратегијата и целите на револуцијата. Ќе си земам слобода да ги спомнам уште некои, мошне едноставни, меѓутоа единствени и неповторливи вредности на Титовата стратегија. Тие се:

— Не станува збор за класично-традиционално војништво и воинство. Уште помалку станува збор за академски накитена стратегија и обвиткана со мистериозни прекривки. Во однос на традиционалните, Титовата стратегија, уште со своето раѓање се изрази како нивна негација, како антистратегија, која тогаш, сега и во иднина — сѐ додека биде и ќе се развива како таква — стратегија што е прва и последна како таква;

— Не станува збор за стратегија што е создадена еднаш за секогаш и за сите времиња, туку стратегија која е жива и која непрекинато се развива, следејќи ја револуцијата во нејзиниот развиток и збогатувајќи се со нови содржини со секое нејзино остварување и секогаш на повисоко рамниште;

— Не така ретко, вредностите на Титовата стратегија сакаме да ги докажеме низ упростените квантитативни прикажувања на резултатите од нашата борба и оружена револуција.

Задржувавме на југословенското боиште повеќе од 30 дивизии германо-фашистичка војска. Создадовме 800-илјадна револуционерна војска. Во завршните операции за ослободувањето на нашата земја заробивме групација на непријателска војска во ефектив од преку 250.000 што е рамно на оперативно-стратегиски остварувања на главните фронтови во Втората светска војна. Сето тоа е точно и вредно. Меѓутоа, Титовата стратегија секогаш можеше вонредно јасно да каже против кого и против што треба да се бориме, за какви цели. Единствено таа и таквата стратегија можеше да ги поведе нашите народи во борба против пет држави, нивните окупациони армии и системи (Фашистичка Германија, Италија, Бугарија, Унгарија, Романија); против предавничката кралска влада, нејзината политичка камарила и од неа создаденото вооружено (квислиншко)

четништво; против квислиншките режими на Павелиќа и Недиќа и полициско-воените сили на овие марионети; против пробугарското македонско сепаратистичко контрачетништво, големоалбанскиот иредентистички-сепаратизам и од него произлезената вооружена фашистичка воено-балистичка ајдучија и др.

Титовата стратегија, тогаш во оружената фаза на револуцијата и денес, кога треба да ги браниме придобивките и вредностите на Револуцијата, претставува вонреден спој на револуционерното и слободарско минато, не на еден, туку на сите народи и народности на Југославија со потребите да се доведе револуцијата до победа. Нашата (Титова) стратегија не е национално ограничена. Ова е суштински белег по кој можеме да ја препознаеме.

Оттука не случајно и од не помало стратегиско значење е што во Рудо, пред 36 години, е создадена, не било каква, туку пролетерска бригада. Не случајно се одбрани српот и чеканот како симболи на револуцијата. Уште помалку се случајни реагирањата на Сталина поради самостојното развивање и однесување на КПЈ и нашата револуција. Тогаш, Титовата стратегија се роди и зачна против било каков вид диктат од било каде, како таква се развиваше, следејќи го одот на револуцијата и социјалистичкиот развиток на нашата земја и сѐ до сега остана како таква како — антистратегија, антисила и негација на војната.

Нашите народи и народности со право се горди на придонесот што го дадоа во гигантската борба против фашизмот што ја водеа прогресивните сили во светот. Таа гордост е уште повеќе оправдана, кога знаеме дека Југославија е една сојузничка во антихитлеровата коалиција која тој статус не го доби на зелената маса, туку низ борба што никој не можеше да ја оспори. Дури и во тие тешки времиња најдовме сили да им помогнеме и на другите народи околу нас, не само со својот пример, туку и непосредно да си го најдат патот. Во редовите на НОВ и ПОЈ се создадоа партизански единици од припадници на другите народи што го потврди и интернационалниот карактер на нашата борба. Создадена е првата Бугарска партизанска единица „Христо Ботев", чехословачката партизанска бригада „Јан Жишка", италијанската партизанска дивизија „Гарибалди" и редица други, а во редовите на НОВ и ПОЈ беа прифатени и добија можност да се борат на стотици и илјади антифашисти. Низ времињата зад нас. Низ историјата на војните и револуциите се создавале војски, навистина ретко во услови во какви е создадена војската на нашата револуција. Не еднаш работничката класа, селанството и прогресивната интелигенција се дигале на оружје против експлоататорските режими. И буржоаските револуции не можеа да бидат изведени без работничката класа. Оваа класа е едина и единствена што самата може да си ја изведе својата револуција. Меѓутоа историска ви-

стина е и тоа дека работничката класа не еднаш по победата, била обезоружена и секогаш на мошне суров начин или од буржоазијата или од сопствената бирократија, овековечувајќи го владеењето од името на класата. Ние можеме да се свртиме на назад низ историјата до деновите на настаните од пред 36 години, пред нив и по нив, до победата во оружената борба и сè до денес и да утврдиме вистинска доследност на една автентична револуција.

Зачната и создадена како војска на револуцијата и денес се развива и опстојува како дел од вооружениот народ. Нашите оружени сили, родени во револуцијата денес претставуваат единствен модел на оружено организирање на народот што ги чини да бидат и последна војска како таква. Родени и развиени во револуцијата како анти-сила и денеска се препрека на било каков облик на насилство, во служба на мирот, како реален интерес на светот и секоја земја посебно. Без декемвриските настани не ќе беа можни ни Козара, ни Неретва, ни Сутјеска, ни Богомила. Уште помалку ќе беше можно да го имаме АВНОЈ 1942 и 1943 година. Не ќе можевме да ѝ се спротивставиме на „Јалта" и политиката „фифти-фифти". Ќе го немаше големото „не" во 1948 година, и „Законот за предавање фабриките на работниците". Тука можеме да ги препознаеме никулците на политиката на несврстување која израсна во невидено светско движење. Тогаш се конституира и концепцијата за ОНО. Тогаш почна, а сега продолжува поопштествување на воениот и одбранбениот општествен комплекс и затоа Тито можеше да каже *„ако работните луѓе, работничката класа и граѓаните можат да управуваат со производството, распределбата, условите на работењето, зашто не би можеле да управуваат и со одбраната"*.

Во тоа име и во името на тие суштински и трајни вредности на нашата Револуција би сакал да си го честитаме 22 Декември, празникот на вооружените сили на Социјалистичка самоуправна Југославија и нашиот заеднички празник.